**До:** Р.С. БОБИ 99
Ул."Херој Карпош" бр.3-1/1
7500 Прилеп

**Наш број:** Уп.08-04
**Дата:** 02.02.2022 г

**Предмет:** Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на „Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 02-02-2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ
## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На „Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата „Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

## Образложение

„Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со арх.бр.0306/51-1 од 26.01.2022г и наш бр.Уп08-04 од 28.01.2022 год. за продолжување

на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РСМ
- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за, двајца дипломирани економисти и едно лице со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека „Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ"бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020).

На ден 02.02.2022г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на „Р.С. БОБИ 99" ДООЕЛ Прилеп. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска